Архивски број: 08-292/6
година
26-11-2025 Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-292/1 од 13.3.2025 година, поднесена од ------ од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на пол, род и бременост сторена од страна на работодавачот ------, врз ------ од Скопје во областа на работата и работните односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 13.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата), доставена е Претставка бр. 08-292/1 од ------ од Скопје со адреса на ул. ------. Подносителката во претставката тврди дека врз неа е сторена дискриминација поради бременост со непродолжување на нејзиниот договор за вработување на определено време од страна на нејзиниот работодавач ------ (во натамошниот текст: работодавачот).

Имено, во претставката наведува дека била вработена кај работодавачот од 27.11.2020 година, како продавачка со договор за вработување на определено работно време кој бил продолжуван со анекс секој месец. Работата се одвивала без никакви проблеми, а во текот на работниот однос немала добиено никаква забелешка за нејзината работа. Таа работела во објектот на ------ бр. ------.

Во февруари 2025 година, кога ја известила компанијата дека е бремена, забележала промена во односот на работодавачот. По неколку дена од таквото известување, кога дошло време за потпишување на новиот анекс на договорот, ја известиле дека нема да и биде продолжен договорот. Одговорното лице, Даниела, и соопштила дека „за жал, нема можност за продолжување на договорот“, иако до тој момент никогаш не било спомнато дека нејзината работна позиција е привремена или зависна од други фактори освен редовното обновување на договорот. По соопштувањето на одлуката, побарала објаснување за причината за непотпишувањето на нов анекс, но не добила јасен одговор. И било речено дека е деловна одлука, но во исто време забележала дека другите вработени во слична позиција добиле продолжување на договорите. Ова дополнително и укажало дека причината за прекинот на нејзиниот работен однос е нејзината бременост. Дополнително, во периодот пред да ја соопши нејзината бременост, добивала усни уверувања од страна на претпоставените дека нејзиниот договор ќе продолжи, бидејќи работата ја извршувала без проблеми и немала поплаки за истата. Таквото нејзино уверување нагло се сменило откако ја споделила веста за бременоста. Наведува дека се чувствува дискриминирана бидејќи нејзиниот договор

не бил продолжен единствено поради нејзината бременост, иако немало никакви професионални или деловни причини за тоа.
Во прилог на нејзината претставка достави копија од М1/М2 Образец за пријава и одјава од задолжително социјално осигурување.

------ на 17.4.2025 година, со Допис бр. 03-719 се изјасни по наводите од претставката на подносителката.
Во изјаснувањето наведуваат дека подносителката била вработена во ------ со договор за вработување на определено време до 05.03.2025 година, на работно место продавач во продавница ------ бр. ------. На ден 04.03.2025 година, ------ согласно чл. 64 од ЗРО донело одлука со која и престанува договорот за вработување на определено време поради изминувањето на рокот за којшто бил склучен. Согласно тоа, договорот за вработување престанал да важи поради истек на времето за кое е склучен, бидејќи истиот беше склучен на определено време, а со што подносителката била целосно запознаена и свесна за неговото значење. По донесување на одлуката таа била телефонски известена, а истата и во писмена форма и била доставена на нејзината адреса на живеење согласно Законот за работните односи. Наведуваат дека ------, менаџментот, раководните лица и овластените лица за кадровските политики, а воедно и овластени за одлучување за работните односи во компанијата, за прв пат дознале дека ------ е бремена, по прием на претставката која Комисијата им ја доставила со дописот заведен под бр. 08- 292/4 од 28.03.2025 година. Истакнуваат дека наводите на подносителката дека „Во Февруари 2025 година го известила работодавачот и забележала промена во односот“, се комплетно неосновани и за истото не е доставен никаков доказ, а и дека никогаш не известила ниту едно раководно лице, ниту писмено, ниту усно. Понатаму, наведуваат дека таа не доставила никаков приговор против одлуката на работодавачот да не го продолжи договорот, иако имала можност согласно Законот за работните односи. Следствено на тоа, во продавницата – ------, за работното место на кое таа работела, не бил објавен јавен оглас за вработување, односно не било вработено друго лице на нејзиното место. Истакнуваат дека, во поткрепа на тоа е и фактот што во моментот кај нив две вработени користеле породилно отсуство (Продавници во ------), а во месец Јуни 2025 година имале најавено породилно отсуство за уште една нивна вработена, па следствено на тоа наводите на подносителката на преставката дека договорот не и бил продолжен заради нејзината состојба (бременост) се комплетно неосновани и со цел компанијата да се дискредитира. Дополнително на тоа, наведуваат дека откако за прв пат дознале за нејзината бременост од барањето на Комисијата и доставената претставка, ја поканиле подносителката на разговор кај нив со цел да ја разрешат ситуацијата. Во дописот со кој ја поканиле, воедно ја известиле дека не биле запознаени со нејзината состојба и дека ја канат да ја разрешат ситуацијата со тоа што ќе ја вратат на работа. Подносителката дошла лично во службените простории на ------ на 15.4.2025 година, каде повторно како и во дописот ја известиле дека ќе и излезат во пресрет и истата ќе биде повторно пријавена со датум 6.3.2025 година (без прекин во работниот стаж), ќе и биде исплатена платата за претходниот период и ќе може да продолжи да работи од


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

16.4.2025 година на истата работна позиција. На таквата понуда, за поништување на одлуката и враќање на работа на подносителката, таа категорично ги известила дека не сака да се врати на работа, за што своерачно пополнила и потпишала изјава. Наведуваат дека таа усно ги известила дека аплицирала и остварила право на паричен надоместок согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, како и дека по раѓање на своето 3-то дете кое го очекува, ќе аплицира за родителски додаток за трето дете, а услов за тоа било вкупниот просечен приход на нејзиното семејство по сите основи да биде понизок од висината на минималната нето плата. Па како би ги исполнила законските услови за таквиот додаток, се подразбирало дека не треба да биде вработена. Согласно наведеното, истакнуваат дека наводите во претставката за сторена дискриминација се неосновани.

Во прилог во копии доставуваат Одлука за престанок на важење на договор за вработување на определено време бр. 04-371 од 4.3.2025 година, Допис/Покана бр. 03-661 од 10.4.2025 година, Изјава од ------ од 15.4.2025 година.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

*Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, *постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *Подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.*

Комисијата ценејќи ги подеднакво истакнатите наводи во претставката и приложената документација кон истата и наводите во изјаснувањето на работодавачот заедно со приложената документација, утврди дека врз подносителката не е сторена дискриминација врз основ на бременост, од страна на ------.

Имено, подносителката не го стори веројатно тврдењето дека врз неа е сторена дискриминација врз основ на бременост, со тоа што тврдењето не го поткрепи


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

со аргументи, односно не изнесе конкретни факти и докази дека работодавачот на било кој начин бил запознаен или знаел за нејзината бременост. Следствено, Комисијата не најде дека било кој од изнесените факти и околности, укажува на тоа дека одлуката на работодавачот за непродолжувањето на договорот за вработување на определено време на подносителката е поврзана со фактот дека таа е бремена. Па оттука, оспореното дејство на работодавачот не е каузално поврзано со дискриминаторски основ за да се смета дека е сторена дискриминација во смисла на член 8 став 1, а во врска со член 5 и член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Душан Томшиќ

*Доставено до:*
1. *Подносителката*
2. ------
3. *Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk